Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2020 година

## СОДРЖИНА

Резиме ... 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 5

Инфлација ... 6

Берзански цени ... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ... 8

Увоз ... 9

Салдо на трговска размена ... 10

Валутна структура ... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ... 12

Буџетски расходи според економската класификација ... 13

Расходи по буџетски корисници ... 14

Буџетско салдо.. ... 16

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ... 16

Плати ... 17

Пензии ... 18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ... 19

Депозитен потенцијал ... 19

Кредити на банките ... 20

Каматни стапки на депозитни банки ... 21

Пазар на капитал ... 21

Девизни резерви ... 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2020 година

- Индустриското производство во јули 2020 година забележа пад од 9,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во јули 2020 година се зголемија за 1,3% во однос на јули 2019 година, по растот од 1,7% во јуни 2020 година;
- Во периодот јануари - јули 2020 година извозот забележа пад од 20,2%, а увозот пад од 16,0%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 1,9%, споредено со истиот период од 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2020 година изнесуваа 105.333 милиони денари, односно 15,6% од БДП, што претставува пониско остварување за 7,4% во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2020 година изнесуваа 137.413 милиони денари, односно 20,4% од БДП, што е за 11,5% повеќе во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните кредити на банките во јули 2020 година се зголемија за 8,2% во споредба со јули 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,9%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во јули 2020 година забележа пад од 9,5% во споредба со истиот месец претходната година, со што продолжија неповолните движења како последица на пандемијата на коронавирус, но падот е ублажен и за првпат по почетокот на пандемијата е едноцифрен. Намалување на производството се јавува во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 6,5% и негативен придонес од 5,0 п.п., Рударство и вадење камен од 36,1% и негативен придонес од 4,1 п.п., како и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,6% и негативен придонес од 0,3 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во јули 2020 година бележат 8 од вкупно 27 индустриски гранки коишто сочинуваат 27,1% од вкупната индустрија. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај прехранбената индустрија од 11,9% и придонес од 1,1 п.п., производството на фармацевтски производи и препарати од 17,3% и придонес од 0,5 п.п., производството на метали од 5,2% и придонес од 0,2 п.п., како и кај производството на електрична опрема од 1,1% и незначителен придонес. Кај гранките со повисока додадена вредност, падот на производството на моторни возила изнесува 21,1% со придонес од -2,6 п.п., а кај производството на машини и уреди 17,5% со придонес од -1,5 п.п.. Од традиционалните гранки,

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јули 2020 година)*




Извор: ДЗС.

производството на облека забележа пад од 6,8% и придонес од -0,5 п.п..

Според поделбата по наменски групи, пад на производството е забележан во сите гранки, а најизразит е кај капиталните производи од 17,4% и негативен придонес од 4,0 п.п..

На кумулативна основа, во првите седум месеци од 2020 година е забележан пад од 13,8%, што се должи на намаленото производството во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 14,7% (придонес од -11,2 п.п.), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 11,8% (придонес од -1,5 п.п.), и Рударство и вадење камен од 10,1% (придонес од -1,1 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот има производството на фармацевтски производи и препарати од 0,5 п.п. при раст од 18,3%.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јули 2020 година)*




1 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
2 - Вадење на руди на метал
3 - Производство на машини и уреди
4 - Вадење на јаглен и лигнит
5 - Производство на облека

Извор: ДЗС.

Според намената на произведените единици, пад во периодот јануари – јули 2020 година бележат сите гранки, а падот е највисок кај групите Капитални производи од 24,5% и придонес од -5,6 п.п..

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јули 2020 година е намален за 6,2%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 6,9%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,9% и Рударство и вадење камен од 0,7%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јули 2020 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај сите групи, а тоа е најизразито кај капиталните производи од 10,9%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – јули 2020 година бележи пад од 4,6%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Преработувачка индустрија



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

од 5,1%, Рударство и вадење камен од 1,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,6%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите седум месеци од 2020 година е намален кај сите групи, а падот е најизразит кај групата Трајни производи за широка потрошувачка од 7,9%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јули 2020 година е поповолна во однос на јуни 2020 година, а понеповолна во однос на јули 2019 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јули изнесува 66,2% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со претходниот месец кога изнесувало 65,5%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 3,3 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јули имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,5%, неизвесното економско окружување со 16,6%, недостигот на квалификувана работна сила со 15,9%, недоволната домашна побарувачка со 12,7% и други фактори.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јули 2020 година во однос на јуни 2020 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јули 2020 година издадени се вкупно 284 одобренија за градење, што е на исто ниво во однос на јули 2019 година. Споредено со јуни 2020 година, бројот на издадени одобренија за градење во јули е зголемен за 4,0%.

Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење е 6,7% повисока во однос на истиот месец од 2019 година, а 60,9% пониска споредено со претходниот месец, како резултат на повисоката предвидена вредност во јуни 2020 година поради издадените одобренија за градење на објекти од нискоградба со поголеми

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

вредности[1].

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 166 (или 58,5%) се наменети за објекти од високоградба, 33 (или 11,6%) за објекти од нискоградба и 85 (или 29,9%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јули2020)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 284 издадени одобренија за градба, на 164 објекти (или 57,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 120 објекти (или 42,2%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јули 2020 година предвидена е изградба на 747 станови, со вкупна корисна површина од 59.303 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е зголемен за 43,9%, а во однос на јули 2019 година е намален за 36,9%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јули 2020 година се зголемија за 1,3% во однос на јули 2019 година, по растот од 1,7% во јуни 2020 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – јули  2020 година изнесува 0,7%.

Во јули 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 3,6% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во јули 2020 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,3% следен со порастот на цените во категориите: Разновидни стоки и услуги од 3,7%, Ресторани и хотели од 2,4%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,9%, Рекреација и култура од 0,4%, Домување, вода, електрика, гас и други горива  и Здравствена заштита од по  0,3% и Образование од 0,2%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

[1] Магистрален транспортен гасовод во Пелагонискиот Регион, делница 5 од магистралниот гасовод во Полошкиот Регион, биогасна и ветерна електроцентрала во Вардарскиот Регион, далновод од Битола до македонско-албанската граница во Југозападниот и во Пелагонискиот Регион

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 7,2%, Облека и обувки од 1,6% и Комуникации од 0,1%.

Потрошувачките цени во јули 2020 година се намалија за 0,3% во однос на претходниот месец. Најголем пораст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 4,7%, Рекреација и култура од 1,3%, Ресторани и хотели од 1,2%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,0%, Разновидни стоки и услуги од 0,5% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,4%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Месечно намалување на цените е регистрирано во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци од 2,1% и Облека и обувки од 0,1%. Цените во останатите категории останаа непроменети.

Цените на мало во јули 2020 година во однос на истиот месец претходната година останаа непроменети, а на месечна основа регистрираа раст од 0,9%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јули 2020 година споредено со јуни 2020 година се зголеми за 7,2% и изнесува 42,8 долари за барел. Во однос на истиот месец од 2019 година, цената на нафтата бележи пад од 33,1%. Цената на природниот гас во јули порасна за 4,9% на месечна основа.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ во јули 2020 година се тргуваше со просечна цена од 13.402 долара за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи зголемување на цената од 5,3%. Споредено со јули 2019 година, цената на никелот се намали за 1,1%. Покрај никелот, месечен раст на цената во јули забележаа и останатите основни метали. Така, цената на бакарот се зголеми за 10,7%, на цинкот за 7,5%, на алуминиумот за 4,8%, на оловото за 4,2% и на калајот за 3,8%. Во јули 2020 година, цената на железната руда бележи раст од 5,1% на месечно ниво.

Зголемување на цената во јули во однос на јуни 2020 година бележат и благородните метали. Така, цената на среброто порасна за 16,6%, на златото за 6,6% и на платината за 5,3%.

Цената на пченката на светските берзи во јули 2020 година на месечна основа се зголеми за 3,1%, а цената на пченицата остана непроменета.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите седум месеци од 2020 година изнесува 7.031,3 милиони евра и бележи пад од 17,8% во однос на истиот период минатата година. Падот на надворешнотрговската размена се должи на пандемијата предизвикана од коронавирусот, која на почетокот од годината започна во Кина и се пренесе во голем број земји во Европа и светот.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - јули 2020 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[2]), како најголем трговски партнер, е намалено за 3,6 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 59,8%.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари – јули 2020 година изнесува 2.968,7 милиони евра и бележи пад од 20,2% (750,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 17,8%.

Вредноста на извезените стоки во јули 2020 година изнесува 518,4 милиони евра и бележи пад од 8,1% (45,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, што укажува на поблаг пад на извозот во последните два месеца, по двоцифрениот пад на истиот во март (26,8%), април (60,3%) и мај (39,3%) како

[2]Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

последица на пандемијата предизвикана од коронавирусот. Физичкиот обем на извозот се намали за 6,1%.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2020 година извозот бележи раст од 5,4% (26,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 4,1%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (1,3 п.п.) врз извозот во овој месец.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК[3]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јули 2020 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,4% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - јули 2020 година споредено со истиот период од 2019 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 27, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ-27 бележи пад од 23,7% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 16,0%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 76,4% и 11,6%, соодветно.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - јули 2020 година изнесува 4.062,5 милиони евра и бележи пад од 16,0% (771,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 1,7%.

[3] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

Вредноста на увозот во јули 2020 година изнесува 716,8 милиони евра, што претставува пад од 4,2% (31,4 милиони евра) во однос на истиот месец од 2019 година, што укажува на поумерен пад на увозот во последните два месеца по двоцифрениот пад на истиот во март (18,0%), април (50,9%) и мај (36,4%) како последица на пандемијата предизвикана од коронавирусот. Увезените количини стоки се зголемени за 3,2%.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2020 година увозот бележи раст од 19,9% (119,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 18,8%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (1,1 п.п.) врз увозот во овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2019 | I-VII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 27,2 | 37,3 | 10,1 | 37,2 |
| Мил. ЕУР | 784,5 | 547,1 | -237,4 | -30,3 |
| Мил.$ | 884,9 | 609,9 | -275,0 | -31,1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2019 | I-VII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 22,8 | 17,2 | -5,6 | -24,7 |
| Мил. ЕУР | 126,2 | 98,7 | -27,5 | -21,8 |
| Мил.$ | 142,4 | 109,5 | -32,9 | -23,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2019 | I-VII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 455,4 | 409,9 | -45,5 | -10,0 |
| Мил. ЕУР | 335,5 | 311,5 | -24,0 | -7,2 |
| Мил.$ | 378,2 | 345,2 | -33,0 | -8,7 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2019 | I-VII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 498,7 | 461,5 | -37,2 | -7,5 |
| Мил. ЕУР | 257,7 | 211,1 | -46,6 | -18,1 |
| Мил.$ | 290,8 | 234,1 | -56,7 | -19,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2019 | I-VII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 46,2 | 31,5 | -14,7 | -31,8 |
| Мил. ЕУР | 566,1 | 420,2 | -145,8 | -25,8 |
| Мил.$ | 638,2 | 467,5 | -170,8 | -26,8 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2019 | I-VII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 39,7 | 32,5 | -7,3 | -18,3 |
| Мил. ЕУР | 436,7 | 343,7 | -93,0 | -21,3 |
| Мил.$ | 492,7 | 381,8 | -110,9 | -22,5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - јули 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 1,9% односно 21,0 милион евра споредено со истиот период минатата година.

Во јули 2020 година, трговскиот дефицит се зголеми за 7,9% односно 14,5 милиони евра споредено со јули 2019 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - јули 2020 година, 90,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Србија и Турција, а потоа следуваат: Грција, Италија, САД, Полска, Русија, Романија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Холандија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 88,0% од трговската размена во периодот јануари-јули 2020 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2019 година претставува зголемување за 2,1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 91,7% и 85,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,2 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 4,8 п.п. во однос на периодот јануари - јули 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VII - 2019 | | | | | I - VII - 2020 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 2.680,8 | 3.894.424.512 | 61,5095 | 239.544.104.492 | 80,6 | 2.538,1 | 3.468.715.601 | 61,6592 | 213.878.228.974 | 85,4 | -425.708.911 | -10,9 |
| УСД | 1.242,6 | 1.008.354.153 | 54,5084 | 54.963.771.498 | 18,5 | 1.320,4 | 614.882.662 | 55,7032 | 34.250.931.878 | 13,7 | -393.471.491 | -39,0 |
| ГБП | 2,3 | 14.387.271 | 70,1353 | 1.009.055.561 | 0,3 | 1,8 | 10.383.545 | 70,2538 | 729.483.472 | 0,3 | -4.003.726 | -27,8 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.925,7 | | | 295.516.931.552 | 99,0 | 3.860,2 | | | 248.858.644.324 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 3.936,6 | | | 297.356.733.316 | 100,0 | 3.868,2 | | | 250.479.620.308 | 100,0 | | -15,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2020 година изнесуваа 105.333 милиони денари, односно 15,6% од БДП, што претставува пониско остварување за 7,4% во однос на истиот период од 2019 година и ја отсликува намалената економска активност како резултат на здравствено-економската криза. Сепак, забележливо е одредено подобрување на приходната страна, откако во јули вкупните приходи се зголемија првпат по февруари годинава.

Даночните приходи се реализирани во износ од 57.480 милиони денари и во однос на истиот период од 2019 година се намалени за 11,3%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 25.125 милиони денари, што претставува намалување од 13,5% во однос на периодот јануари - јули 2019 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 43,7%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 40.038 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 14.913 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 9,1%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 0,6% споредено со јануари - јули 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз коешто забележува пониско остварување за 11,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 4,4%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Акцизите се остварени во износ од 12.088 милиони денари (учество од 21,0% во даночните приходи), што претставува намалување од 15,9% во споредба со истиот период во 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 37.213 милиони денари, што претставува 64,7% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - јули 2020 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 10.073 милиони денари и бележат пад од 2,3% на годишна основа, при што 69,2% од приходите се од плата и други лични примања, 7,4% од приходи од капитал, 6,5% од приходи по основ на договор на дело, 5,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,8% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 6.286 милиони денари и забележаа помало остварување за 14,6% во однос на истиот период претходната



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

година, при што данокот по месечни аконтации се намали за 11,2%, намалување од 37,8% се забележува кај даночните биланси, додека данокот на добивка по основ на дивиденди и др. распределба е зголемен повеќе од 3 пати.

Приходите од царина се остварени во износ од 3.635 милиони денари и забележаа зголемување од 6,9%. Приходите од други даноци со остварен износ од 237 милиони денари забележаа намалено остварување за 14,7% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 37.837 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 8,6% споредено со истиот период од 2019 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 9,0%, кај придонесите за здравствено осигурување за 7,8% и кај придонесите за вработување за 6,6%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 6.501 милион денари и во однос на анализираниот период од 2019 година забележаа пониско остварување за 37,8% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 947 милиони денари, што е зголемување од 52,3% во однос на периодот јануари-јули минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.020 милиони денари и се намалени за 8,6% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2020 година изнесуваа 137.413 милиони денари, односно 20,4% од БДП, што е за 11,5% повеќе во однос на истиот период од 2019 година. Високиот износ на расходите, кој е особено изразен во јули, е резултат на мерките преземени за справување со здравствено-економската криза.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 130.134 милиони денари учествуваа со 94,7% и се зголемени за 11,4% во однос на истиот период од 2019 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 17.282 милиона денари што претставува зголемување за 8,2% во однос на периодот јануари-јули претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,6%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 8.535 милиони денари и споредено со истиот период од 2019 година забележаа намалување од 6,7%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 98.564 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 15,0% споредено со истиот период од 2019 година и истите учествуваа со 71,7% во вкупните расходи.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 67.347 милиони денари, забележаа зголемување од 7,4% и учествуваа со 49,0% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 40.083 милиони денари, што е зголемување за 5,0% споредено со истиот период од 2019 година и учествуваат со 29,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 21,1%, односно се зголемија за 30,8% и се реализирани во износ од 29.049 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 11.032 милиона денари забележаа зголемување од 14,0% во споредба со периодот јануари - јули претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 16.650 милиони денари што е за 48,8% повеќе споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 5.753 милиони денари, што е за 3,8% помалку во споредба со истиот период од 2019 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 3,3%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 5,9%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 7.279 милиони денари со структурно учество од 5,3% во вкупните расходи, при што забележаа повисока реализација за 14,4% во споредба со периодот јануари - јули 2019 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чијшто вкупен годишен буџет изнесува 86,1% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - јули 2020 година реализираше 29.168 милиони денари или 56,9% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,1%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 20.162 милиона денари или 56,7% од средствата наменети за 2020 година. Втора

најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 22,6% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 60,5% (6.581 милион денари) од планираните за 2020 година.

Во периодот јануари – јули 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 24.158 милиони денари што претставува 42,1% од предвидените за 2020 година. Отплатата на главнина (14.186 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 58,7%. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 23,8% од вкупните расходи, за што се реализирани 5.760 милиони денари, или 69,5% од вкупниот буџет за оваа намена.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - јули изврши буџетски средства во износ од 14.009 милиони денари, што е 53,7% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (66,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 9.374 милиони денари или 58,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,3%, за што се потрошени 2.145 милиони денари, односно 56,9% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во анализираниот период реализираше вкупно 8.452 милиона денари, односно 68,0% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите кои учествуваат со 95,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 8.026 милиони денари (70,4%).

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - јули 2020 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари - јули 2020 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 6.577 милиони денари што претставува 88,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 89,7% во вкупните расходи, реализирани се 93,1% од планираните средства или 5.896 милиони денари.

Во анализираниот период од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 6.037 милиони денари, што претставува 52,9% од

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 77,7%, за што се потрошени 4.691 милион денари или 58,1% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 16,6%, за што се реализирани 1.002 милиона денари или 52,0% од годишниот план.

Министерството за одбрана во првите седум месеци од 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 3.981 милион денари, што е 46,6% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 59,5%, за што во периодот јануари – јули 2020 година се реализирани 2.369 милиони денари (58,1% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 23,1% во вкупните расходи, за што во анализираниот период потрошени се 919 милиони денари, односно 39,9% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари – јули 2020 година изврши буџетски средства во износ од 3.533 милиони денари, што е 45,1% од вкупниот буџет за 2020 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 44,8%, за што во овој период потрошени се 1.583 милиони денари или 60,3% од средствата наменети за 2020 година. Тековните трансфери до буџетските фондови се втора најзначајна ставка со учество од 43,6% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.542 милиона денари, односно 42,3% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 1.498 милиони денари, што е 31,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 28,2% од предвиденото (1.115 милиони денари), а учествуваат со 74,4% во вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јули 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 32.080 милиони денари, што претставува 4,8% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 31.664 милиони денари и претставува 4,7% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари - јули 2020 година во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 95.856 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е понизок за 16,6% во однос на јули 2019 година.

Од вкупниот број нововработени 45,4% се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јули 2020 година, 24,2% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица во јули 2020 година изнесува 225.920, од кои 141.777 се активни баратели на работа, а 84.143 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 19,0%.

Најголем дел од активните невработени лица (64,3%) се градско население, а според половата структура 50,7% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 62,5% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 27,2% се со завршено средно образование, додека 10,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.




По возрасни групи, најголемиот дел или 50,3% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 46,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 4,6% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јуни 2020 година оствари годишен раст од 6,6%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,8%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (18,7%), Рударство и вадење камен (15,2%) и






Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Образование (12,6%). Реалните плати во јуни забележаа годишен раст од 4,8%.

Просечната номинална бруто-плата во јуни 2020 година оствари годишен раст од 7,1%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,8%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (18,5%), Рударство и вадење камен (15,9%) и Образование (13,6%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 5,3%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во јули 2020 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 323.630 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е понизок за 888 лица. Од вкупниот број пензионери, 66,6% се корисници на старосна пензија, 23,2% се корисници на семејна пензија и 10,2% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јули 2020 година изнесува 15.389 денари и е за 5,9% повисока во однос на истиот месец минатата година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јуни 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,1%.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната старосна пензија во јули изнесува 16.651 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 13.945 денари, а просечната семејна пензија 12.405 денари. За исплата на пензиите во јули 2020 година се потрошени 4.867 милиони денари, што претставува 47,4% од вкупните социјални трансфери.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во јули 2020 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на постојното ниво од 1,5%, откако претходно ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати од почетокот на годината поради условите коишто произлегуваат од пандемијата на ковид-19 и мерките за спречување на ширењето на вирусот, кои неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и досегашното позначајно намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за натамошно зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економија, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
( јули 2020 година)




Извор: НБРСМ.

Во јули 2020 година, примарните пари[6] регистрираа пад од 2,9%, споредено со јули 2019 година. Ваквиот пад на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 22,2%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 16,7%. На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 19,9%, што е резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 19,9% и на готовите пари во оптек коишто регистрираа раст од 1,1%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во јули 2020 година се зголемија за 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец,

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

депозитите на приватните претпријатија се намалија за 0,5%, а депозитите на домаќинствата регистрираа зголемување од 0,4%.

Од аспект на валутата, во јули 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута останаа непроменети, додека депозитите во странска валута регистрираа раст од 0,9%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јули 2020 година оствари раст од 7,9% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 7,2% и 8,8%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 10,2% и 8,4%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,2%, а долгорочните депозити се намалија за 1,1%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,1%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јули 2020 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **420.347** | **0,3%** | **7,9%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *252.677* | *0,0%* | *7,2%* |
| *Странска валута* | *129.360* | *0,9%* | *8,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *177.039* | *0,6%* | *5,2%* |
| *Долгорочни* | *106.251* | *-1,0%* | *-1,1%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **355.085** | **0,7%** | **8,2%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *209.393* | *1,2%* | *8,3%* |
| *Странска валута* | *145.693* | *0,0%* | *8,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *56.691* | *-3,0%* | *-5,3%,* |
| *Долгорочни* | *278.400* | *1,6%* | *11,3%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *15.440* | *-4,1%* | *0,2%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во јули 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор регистрираа раст од 0,7% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа

укажува дека кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,3%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 1,3%. Од аспект на валутата, во јули 2020 година денарските кредити се зголемија за 1,2% на месечно ниво, а девизните кредити овој месец останаа непроменети.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

На годишна основа, во јули 2020 година вкупните кредити се зголемија за 8,2%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,4% и раст на кредитите кон претпријатијата од 6,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,3%, а кредитите во странска валута за 8,2%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,3%, а краткорочните кредити се намалија за 5,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јули 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,05 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,75%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,09 п.п. и изнесува 5,13%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 4,29%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во јули 2020 година изнесува 1,05% и е намалена за 0,04 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 1,47% и е намалена за 0,05 п.п. во однос на минатиот месец, а каматната стапка на девизните депозити е намалена за 0,01 п.п. и изнесува 0,61%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јули 2020 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 14,2% на месечно ниво како резултат на падот на прометот од блок трансакциите за 50,3%, како и намалувањето на прометот од класичното тргување за 1,8%.

Вкупниот промет на берзата во јули 2020 година изнесуваше 382,7 милиони денари и истиот е намален за 52,1% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јули 2020 година изнесуваше 4.289,51 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,2%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 10,4%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на јули 2020 година изнесуваа 3.512,37 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 3,5%, а во однос на јули 2019 година регистрираа раст од 20,0%.